„Кој повикува на добро, ќе ја има и наградата на оние што го прават тоа, без да им ја намали нивната награда

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој повикува на добро, ќе ја има и наградата на оние што го прават тоа, без да им ја намали нивната награда, а оној што повикува на зло, ќе го носи гревот еднаков како на оние што го прават тоа, без да им ги намали нивните гревови.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека оној што ќе упати и поттикне некого да направи добро, со зборови или дело, ќе ја има и наградата на тие кои го послушале. Притоа нивната награда воопшто нема да се намали поради тоа. А кој ќе наведе и упати други да направат зло, со зборови или дело, ќе го има гревот и на оние што го послушале за тоа. Притоа, нивниот грев нема да биде намален.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3373